СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Клиника за детска и превентивна стоматологија
Клиника за дентална патологија и терапија

ПРОБЛЕМОТ НА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО НА ЗАБИТЕ КАЈ ВОЗРАСНАТА ПОПУЛАЦИЈА

Мирчева М., Петреска М., Иљовска С., Еленчевска С.

Здравјето на забите е условено од низа објективни и субјективни фактори. Во ова испитувања е анализирано влијанието на стравот кај пациентите врз санираноста на забите и улогата на нивото на стоматолшката просветенест во зачувувањето на нивното здравје. Стравот, а особено страв од машините, има одредено влијание врз санираноста на кариесот, што потврдуваат помалите вредности на ИСК кај пациентите со страв (65,2%) во споредба со оние кои изјавиле дека немаат страв (74,3%) Меѓутоа, големиот процент на екстрахираните заби во двете групи, релативно слабата орална хигииена (ОХИ=1,7) одењето на стоматолог само поради болки укажуваат на ниското ниво на стоматолошката просветеност, од што произлегува и неадекватната и недоволна грижа за здравјето на забите.

Клучни зборови: страв; забен кариес; КЕП-индекс; ОХИ-индекс; забоздравствено воспитување

Бројни епидемиолошки студии укажуваат на незадоволителната состојба на забите како кај децата така и кај возрасното население. Ориентационата студија на СЗО, спроведена во периодот 1983-1989 година, укажува на високите вредности на КЕП, кои, на пример, за возрасната група од 35 до 44 години се движат од 10.9 во Португал до 25.0 во Норвешка. Посебно е битен степенот на санација (П/КЕП) кој, на пример, во Швајцарија е најголем и изнесува 98% (1). Според резултатите од пилот-студијата за оралното здравје на населението на Југославија, спроведена во 1986 година, КИп за возрасната група од 35 до 44 години изнесува 18,0, каде што пломбираните заби се застапени со само 4,7 (2).

Ваквата состојба на забите наметнува потреба од барање причини, а преку тоа и изнаоѓање начини за решавање на овој проблем.

Зачувувањето на оралното здравје е сложена задача во чие извршување учествуваат општеството и поединецот. Улогата на општеството е да обезбеди доволен број амбуланти, стручен кадар и финансиски средства, а улогата на поединецот е да ги ползува овие придобивки и со чувство на одговорност да се грижи за своето здравје.

Со оглед на тоа што Скопје е голем град со релативно добра стоматолошка служба, каде што бројот на населението на еден стоматолог е поволен, ние се одлучивме во овој труд да укажеме на некои проблеми во врска со улогата на пациентите во зачувувањето на здравјето на забите.

Материјал и метод

На Клиниката за дентална патологија и терапија извршени се систематски прегледи на забите кај 92 пациенти, со просечна возраст од 37,9 години а добиените податоци се внесени во картон препорачан од СЗО. Одреден е и степенот на оралната хигиена по поедноставениот метод на Green и Vermillion (ОХИ-с), со наодите од 0 до 3.

Податоците за присутниот страв од стоматолошки третман, како и за нивото на здравствената просветеност на анкетираните пациенти, како и можните причини за состојбата на забите се добиени преку прашалникот, составен од 11 прашања, кои ги пополнуваа самите пациенти.

Резултати и дискусија

Според интернационалната класификација на стоматолошките заболувања што ја препорача СЗО, добиениот КИп од 14,3 спаѓа во петтата категорија и означува многу висок интензитет на кариес.

ТАБЕЛА 1. СОСТОЈБА НА ЗАБИТЕ

КИп	*К(%)*	*Е(%)*	*П(%)*	*К:П*	*Е:П*	*ИСК(%)*	*МЗ(%)*	*ОХИ*
14.3	15.5	44.0	40.3	1:2.5	1:1	72.1	28.3	1.7

Во структурата на КЕП, со најголем процент се застапени екстрахираните заби (44.0%), што е изразено и преку МЗ (28.3%) и претставува неповолен резултат со оглед на возраста на пациентите. Пломбираните заби се застапени со 40.3%, а ИСК од 72.1% би можел да се толкува како релативно добра санираност на кариесот. Додека односот на кариозните и пломбираните заби е поволен и изнесува 1:2.5, односот на екстрахираните и пломбираните заби е неповолен, зашто на секоја пломба доаѓа по еден екстрахиран заб.

Ако наодите за оралната хигиена од 0 до 1 ги цениме како добра, а од 2 до 3 како лоша хигиена, добиениот просечен наод од 1.7 претставува средно добра хигиена. Меѓутоа, ако се земе предвид дека овие испитаници се дојдени како пациенти, а тоа подразбира и обврзно претходно миење на забите, претпоставуваме дека или не ги мијат забите или начинот на миење е неадекватен. Одговорот го добивме од прашалникот каде што 89.1% од испитаниците изјавиле дека редовно ги мијат забите, а само 10.8% повремено, а тоа значи дека најдените вредности за оралната хигиена се резултат на неправилната техника на одржување на оралната хигиена.

Нивото на здравствената просветеност и неговото учество во прикажаната состојба на забите ќе го проследиме преку одговорите на прашалникот: 70.6% од испитаниците сметаат дека забите се значајни и за естетиката и за функцијата, додека за преостанатите забите се значајни само за естетиката (11.9%), односно само за функцијата (17.3%); за 79.3%, кариозните заби се проблем што го решаваат така што веднаш ќе го посетат стоматологот, што не го потврдуваат и резултатите од прегледите кои покажуваат дека 1/4 од забите се екстрахирани. Податокот дека 53.2% од пациентите го посетуваат стоматологот само кога имаат болки зборува дека редовните контролни прегледи и санацијата и на најмала кариозна лезија не се навика на нашите пациенти.

Одговорите од прашалникот проследени според образованието укажуваат на извесно влијание на степенот на образованието врз нивото на здравствената просветеност. Исправен одговор за значењето на забите дале 100.0% испитаници со високо, 77.2% со средно и 52.1% со нижо образование; за редовното миење на забите се изјасниле 91.6% со високо и 73.9% со нижо образование; само 30.4% од пациентите со нижо образование изјавиле дека редовно посетуваат стоматолог, а со високо 66.6%.

Дали и колку стравот од стоматолошкиот третман има влијание врз санираноста на забите? Според одговорите од прашалникот, стравот е присутен кај 29.3% од анкетираните лица (таб. 2).

Во групата која има страв ИСК изнесува 65.2%, а односот на кариозни и пломбирани заби изнесува 1:1.8, додека во групата која изјавила дека нема страв ИСК изнесува 74.3%, а односот на кариозни и пломбирани заби е 1:2.8 (таб. 3).

ТАБЕЛА 2. ИСКАЖУВАЊА НА ПАЦИЕНТИ ЗА СТРАВОТ

Број на испитаниците	*имам n(%)*	*немам n(%)*
92	27 (29.3)	65 (70.7)

ТАБЕЛА 3. СОСТОЈБА НА ЗАБИТЕ СПОРЕД ИЗЈАВИТЕ ЗА СТРАВ

имам				*немам*			
К(%)	*Е(%)*	*П(%)*	*ИСК(%)*	*К(%)*	*Е(%)*	*П(%)*	*ИСК(%)*
19.3	44.2	36.3	65.2	14.4	43.9	41.6	74.3
		К:П = 1:1.8				К:П = 1:2.8	
		П:Е = 1:1.2				П:Е = 1:1.0	

До слични резултати дошла и Laketa (3), која нашла поголем број кариозни и екстрахирани заби во групата на "уплашени" студенти во однос на студентите кои се рамнодушни кон стоматолошките интервенции. И испитувањата на Shaw (4) покажале сигнификантно поголеми вредности за КЕП во групата "плашливи", споредена со контролната група.

Односот на пломбираните и екстрахираните заби во двете групи во нашето испитување е речиси ист, а тоа значи дека стравот од пломбирање е по-присутен, за што сведочат и одговорите од прашалникот, каде како причини за страв најчесто се спомнуваат машините и работата со нив, а потоа болката, клештите и вадењето заби и инјекциите. И во студијата на Hall (5) работата на машините и нивниот звук се наоѓаат на врвот

М
БИБЛИОТЕКА
СКОПЈЕ

на листата на причините за страв. Она што најмногу им пречи на нашите пациенти во стоматолошката ординација е звукот на машините, потоа миризбата на лековите, а за 5 пациенти тоа е односот на стоматологот кон нив.

Во комплексниот проблем на одржување на оралното здравје, нашето внимание беше свртено кон разгледување на некои можни причини за несаниираноста на забите кај возрасното население.

Стравот од стоматолошки третман се прикажал како помалку битен фактор за санираноста на забите кај возрасните пациенти. Многу поголемо влијание има ниското ниво на стоматолошка просветеност, од што произлегува и недоволната одговорност и неадекватниот однос кон здравјето на забите.

THE PROBLEM OF DENTAL HEALTH AMONG ADULT POPULATION

Mirčeva M., Petreska M., Iljovska S., Elenčevska S.

Summary

Dental health is related to numerous objective and subjective factor. This investigation deals with the influence of dental fear on dental health and the role of dental health education in maintaining their health. Dental fear, especially fear of dental drilling instruments has a certain influence on caries care, which is proved by the lower values of dental fillings among patients with fear (65.2%) compared to those who answered that had not fear (74.3%). But, high percentage of tooth extractions in both groups, relatively low oral hygiene (OHI=1.7), going to the dentist only for pain point to low level of dental health education, which is the reason for unsufficient dental health care.

Key words: fear; dental health care; dental caries; OHI-index; DMF index

oral hygiene index

Литература

1. INSTITUT DER DEUTSCHEN ZAHNÄRZTE. Dringliche Mundgesundheitsprobleme der Bevölkerung im varienten Deutschland. Institut der Deutschen Zahnärzte (IDZ), Köln, 1991: 43.

2. VRBIČ V i sar. Oralno zdravlje u stanovništva SFR Jugoslavije. Zdravstvena zaštita 1988: 4.

3. LAKETA G. Etiologija i manifestacija straha u stomatološkoj praksi kod pacijenata studenata. (magistarski rad) Sarajevo, Jugoslavija: Stomatološki fakultet, 1983: 62.

4. SHAW O. Dental anxiety in children. Brit Dent J 1976; 19(8):134-9.

5. HALL N, EDMONSON HD. The etiology and psychology of dental fear. Brit Dent J 1983; 154(8): 247-53.